# Упатства за употреба

## deconex® PROZYME ALKA-x

### Благо алкално, ензимско средство за чистење инструменти

За повторна обработка на инструменти во машина за перење/дезинфекција (WD)

### Опсег на примена

deconex® PROZYME ALKA-x е средство за чистење прифатливо за материјали, направено од софистицирана комбинација на ензими и сурфактанти за автоматизирана обработка на термостабилни и термолабилни инструменти и прибор, како што се хируршки и микрохируршки уреди, MIS инструменти, крути и флексибилни анестезиски ендоскопи и респираторна опрема, прибор од одделението, стоматолошка опрема, алуминиумски контејнери и друга медицинска опрема.

### Својства

Благодарение на својот уникатен состав и формулација, deconex® PROZYME ALKA-x ефикасно отстранува широк спектар на органски нечистотии како што се крв, остатоци од ткиво, мукоза и биофилм од медицински инструменти кои се направени од широк спектар на материјали. Покрај големата моќ на чистење и широкиот опсег на употреба, deconex® PROZYME ALKA-x се карактеризира со разни други својства:

- многу добра материјална компатибилност;
- помага при отстранување на биофилмот;
- ниска пенливост;
- отпорно на тврда вода;
- не бара неутрализација;
- без EDTA;
- без NTA;
- без мириси;
- без бои;
- биоразградлив.

### Употреба и дозирање

Максималната доза во суштина зависи од тврдоста на водата и видот на контаминација. Иако deconex® PROZYME ALKA-x може да се користи во тврда вода, генерално се препорачува употреба на целосно дејонизирана вода (DI вода) или вода со обратна осмоза (RO вода) за да се постигнат оптимални резултати за чистење. Под овие околности, доволна е доза од 1 – 5 мл/л. При употреба на нетретирана вода, се препорачува доза до 10 мл/л. deconex® PROZYME ALKA-x идеално треба да се дозира на температура од 35 – 40 °C. Чистењето обично трае 5 – 10 минути на температура од 50 – 60 °C. Не е потребна последователна неутрализација.

borer
advanced cleaning solutions



DB deconex PROZYME ALKA-x BC-CH 1.0_220712_MK

# deconex® PROZYME ALKA-x

## Препорака за дозирање

| Дозирање | DI/RO вода [1] | мека до средно тврда вода [1] | тврда вода [2] | Температура |
|---|---|---|---|---|
| deconex® PROZYME ALKA-x | 1 – 5 мл/л | 5 – 7.5 мл/л | 7.5 – 10 мл/л | 50 – 60 °C |

[1] со нормална контаминација [2] со постојана или тешка контаминација

## Препорака за обработка

Типичен процес за WD повторна обработка на термостабилни инструменти е наведен подолу:

### Типичен WD процес (за термостабилни инструменти)

1. Предплакнење: со ладна вода од чешма, 3 мин
2. Чистење: со DI/RO вода
   deconex® PROZYME ALKA-x температура на дозирање: 35 – 40 °C
   Измијте на 55 °C 5 – 10 мин.
3. Средно плакнење I: со топла (40 – 45 °C) вода од чешма, 1 мин
4. Средно плакнење II*: со ладна вода од чешма, 1 мин
5. Термичка дезинфекција: со DI/RO вода,
   на пр. 5 мин на 90 °C; дозирање доколку е потребно на пр. deconex® 64 NEUTRADRY како средство за сушење на ~90 °C
6. Сушење: 10 – 25 мин

* Средното плакнење II е задолжително за сите Офталмолошки инструменти. За сите други инструменти се препорачува.

## WD процесна графика




## Безбедносни информации

За информации за безбедноста при ракувањето и правилното отстранување, ве молиме погледнете го безбедносниот лист со податоци за deconex® PROZYME ALKA-x.

## Складирање и транспорт

Чувајте го производот на температури меѓу 5 и 25 °C.

Овој медицински уред може да замрзне. Секогаш кога е возможно, избегнувајте да го транспортирате производот во периоди кога е многу ладно. Ако транспортот во такви периоди е неизбежен, производот треба да се достави во возило/бродски контејнер каде што температура е контролирана и е над 5 °C, или пак со употреба на заштитни прекривки за кратки периоди на транспорт, не подолги од 10 часа каде што температурата нема да падне под 5 °C.

**Дистрибутер/увозник:**

**Производител:**
**Borer Chemie AG**
Gewerbestrasse 13, 4528 Zuchwil / Switzerland
Tel +41 32 686 56 00 Fax +41 32 686 56 90
office@borer.ch, www.borer.ch

CE MD

borer
advanced cleaning solutions



DB deconex PROZYME ALKA-x BC-CH 1.0_220712_MK

# Лист со податоци за производот

## deconex® PROZYME ALKA-x

**Благо алкално, ензимско средство за чистење инструменти**

За повторна обработка на инструменти во машина за перење/дезинфекција (WD)

### Содржина

Површински активни супстанции
Ензими (протеази)
Комплексирачки агенси
Растворливи средства
Секвестерски агенси
Конзерванси

### Компатибилност со материјалите

deconex® PROZYME ALKA-x се карактеризира со одлична материјална компатибилност.

Соодветен за:
Нерѓосувачки челик, алуминиум, анодизиран алуминиум, титаниум, бакар, месинг, цинк, калај, хромирани материјали, пластика, еластомери (вклучувајќи полиуретан), силикон, тефлон, гума, латекс, стакло и керамички алатки. Не постои позната материјална некомпатибилност.

Треба да се спроведат соодветни тестови за компатибилност на материјали што не се споменати погоре. Контактирајте со Borer Chemie AG доколку е потребно.

Концентрат:
За компатибилност со транспортните и перисталтичките цевки, ве молиме побарајте го посебниот информативен лист.

### Ознака CE

deconex® PROZYME ALKA-x ги исполнува условите за медицински уреди согласно Регулативата (EU) 2017/745.

borer
advanced cleaning solutions



DB deconex PROZYME ALKA-x BC-CH 1.0_220712_MK

# deconex® PROZYME ALKA-x

## Хемиски/физички податоци

| | | |
|---|---|---|
| pH-вредност | 1 %раствор во дејонизирана (DI) вода | прибл. 10.0 |
| Густина | Концентрат | 1.09 г/мл |
| Изглед | Концентрат | бистра, жолта |

## Пакување

Садовите, капачињата и етикетите се направени од полиетилен што може да се рециклира.

## Димензии на садот

| Тип на сад | Содржина | Број на предмет |
|---|---|---|
| Канистер од низок тип | 5 л | 525000.00-KK5W |
| Канистер | 10 л | 525000.00-K10W |
| Канистер | 25 л | 525000.00-K25W |
| Буре од 220 л | 210 л | 525000.00-B220 |
| Буре | 210 л | 525000.00-D220 |
| IBC 640 л | 580 л | 525000.00-IBC2 |

## Дополнителни информации

Пред да го користите производот, ве молиме прочитајте ги упатствата за употреба и соодветниот безбедносен лист со податоци.

Искористете ја нашата стручност! Прашајте не за дополнителни информации во врска со вашата конкретна примена.

**Дистрибутер/увозник:**

**Производител:**
**Borer Chemie AG**
Gewerbestrasse 13, 4528 Zuchwil / Switzerland
Tel +41 32 686 56 00  Fax +41 32 686 56 90
office@borer.ch, www.borer.ch

CE MD

borer
advanced cleaning solutions



DB deconex PROZYME ALKA-x BC-CH 1.0_220712_MK